Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден ___________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечишта кај село Бозовце, КО Бозовце и КО Бозовце вон град, општина Тетово се изработува за санација и стаилизација на свлечиште односно проектирани се низа на мерки за стабилизирање на нестабилната зона. Како примарна задача на овие мерки е заштита на населението во с.Бозовце од природни катастрофи, а секундарна задача е да го стабилизира теренот за одреден степен. На предметната локација предвидени се неколку типови на мерки и тоа: мерки со кои се врши зафаќање на површинската вода од атмосферски талог и површински текови, мерки за евакуација на подземни води и спроведување надвор од нестабилната зона, мерки за зафаќање на евентуални одрони на нестабилни блокови и наносен материјал од погорните зони на течиштето, мерки за подобрување на локалната стабилност на течиштето и намалување на брзините на проток на еродиран материјал и шумски нанос.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-833/11
Датум: 15.12.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски